# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 25 Октомври 2016 година Број 10/2016 год. | Жиро сметка бр: 75801472063713 Даночен бр. 4023005116486 |
|---|---|---|



Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за распишување оглас за доделување линии за градски и приградски превоз на патници во општина Радовиш на релација с.Ињево-Радовиш-с.Ињево

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распишување оглас за доделување линии за градски и приградски превоз на патници во општина Радовиш на релација с.Ињево-Радовиш-с.Ињево, бр.08-1653/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1653/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 20 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
zа распишување оглас за доделување линии за градски и приградски превоз на патници во општина Радовиш на релација с.Ињево-Радовиш-с.Ињево

Член 1
Се распишува оглас за доделување линии за градски и приградски превоз на патници во општина Радовиш на релација с.Ињево-Радовиш-с.Ињево за период од пет години.

Се задолжува Комисијата за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита да го распише и спроведе огласот и да достави предлог-одлука на усвојување до Советот на општината Радовиш

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1653/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на Годишната Програма на ЈОУДГ„Ацо Караманов„ во Радовиш за 2016/2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на годишната Програма за работа на ЈОУДГ„Ацо Караманов„ Радовиш, за 2016/2017 година, бр. 08-1654/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1654/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл. 21 ст.1 т. 31 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10.2016 г., донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Ацо Караманов„ во Радовиш за 2016/2017 година

Член 1
Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУДГ„Ацо Караманов„ во Радовиш за 2016/2017 година, бр. 14-55/73 од 06.10.2016 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1654/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и деветo одделение при ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш за учебната 2016/2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш за учебната 2016/2017 година, 08-1655/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1655/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 2/2002), и член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 19.10.2016 год. донесе

О Д Л У К А
За давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш за учебната 2016/2017 година

Член 1
Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш, во месец мај 2017 година и тоа:

-еднодневна научна екскурзија за учениците од третите одделенија од деветгодишно образование;
-дводневна( два работни дена) ексурзија за учениците од шесто одделение; и
-тродневна( три работни дена) екскурзија за учениците од девето одделение;

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1655/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување и Програмата за волонтерство во општина Радовиш за 2017 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување и Програмата за волонтерство во општина Радовиш за 2017 година, бр.08-1656/1 и 08-1656/2, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1656/3 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 6 став 2 од Законот за волонтерство (Службен весник на РМ бр. 85/07 и 161/08), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 г., донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програмата
за волонтерство во ЕЛС општина Радовиш за 2017 година

I. Се донесува Програма за волонтерство во општина Радовиш за 2017 год.
II. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„

Бр. 08-1656/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 6 став 2 од Законот за волонтерство (Службен весник на РМ бр. 85/07 и 161/08), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 г., донесе

П Р О Г Р А М А
За волонтерство во ЕЛС општина Радовиш за 2017 година

I. Со оваа Програма се уредува ангажирањето на волонтери, условите и начинот на вршење на волонтерските услуги, како и правата и обврските на волонтерите во ЕЛС Радовиш, согласно Законот за волонтерство.
II. Согласно Законот за волонтерство, волонтер може да биде физичко лице со завршено најмалку IV степен образование кое на доброволна основа, без надоместок соодветно на неговото образование дава услуги, вештини и знаења во корист на локалната самоуправа.
III. Волонтерот за давање на услугите има право на надоместок на трошоци за храна и трошоци за превоз за доаѓање и враќање, во висина од 15% од просечната месечна плата во Република Македонија, како и трошоците за службени патувања и трошоци за обука доколку се направени.
IV. Општина Радовиш во текот на 2017 година се очекува да има потреба од ангажирање на волонтери:
-за проекти финансирани од Министерство за труд и социјална политика во соработка со локалната самоуправа;
-проекти, програми и акциони планови на општината кои ќе ги донесе и за нив одобри средства Советот на општината;
-потреба од помош во одредени служби поврзана со рокови;
-институции чиј основач е локалната самоуправа, е немаат можност сами да ангажираат волонтери за конкретна потреба;
-соработка и преземање на проектни задачи со невладин сектор;
Бројот на ангажираните лица ќе зависи од искажаната потреба, но на годишно ниво се планира да се ангажираат најмногу 20 волонтери, во кои се вклучени и волонтерите за потребите на ЈОУДГ додека добијат согласности за вработување
V. Општина Радовиш со волонтерот ќе склучи договор врз чија основа ќе се врши евиденција на волонтерски стаж во волонтерска книшка.
VI. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1656/2 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување и Програмата
за потреби за функционирање на
админиострацијата во Единица за локална
самоуправа Радовиш за 2017 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување и Програмата за потреби за функционирање на админиострацијата во Единица за локална самоуправа Радовиш за 2017 год., бр.08-1657/1 и 08-1657/2, што советот

на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1657/3 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 6 став 2 од Законот за волонтерство (Службен весник на РМ бр. 85/07 и 161/08), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 г., донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програмата
за потреби за функционирање на
администрацијата во Единица за локална
самоуправа Радовиш за 2017 год.

I. Се донесува Програма за потреби за функционирање на админиострацијата во Единица за локална самоуправа Радовиш за 2017 год.
II. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во
„Службен гласник на општина Радовиш„

Бр. 08-1657/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 19.10.2016 г. донесе

ПРОГРАМА
НА ПОТРЕБИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ВО ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА -РАДОВИШ
за 2017 год.

I.Приоритети на општинската администрација

Локалната самоуправа во Радовиш за потребите на граѓаните функционирање на општината во 2016 година работеше со општинска администрација од 84 извршители, 1-градоначалник, 55 со статус државни службеници во локалната самоуправа и 28 без статус на државен службеник, од кои 9 во локалната самоуправа, а 19 лица во ТППЕ .

Дел од платите за противпожарната единица, хранарина и патни трошоци за 10 лица се финансираат преку МВР, а за 9 вработени платите, хранарината и патните трошоци се обезбедуваат преку општинскиот буџет.Останатите трошоци за тековно работење, матерјални трошоци, опрема, гориво, осигурување на возила, одржувањесе на истите се на терет на буџетот на општината.

Стручната образованост на извршителите кои имаат статус на државен службеник во ЕЛС Радовиш е следна 39-ВСС, 6-ВШС, 8 ССС и без статус на државен службеник 11-ССС во ЕЛС и 19 во ТППЕ со ССС или вкупно 83 лица.

Општинската администрација работи на работи и работни задачи согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и другите подзаконски акти во општината.

Во 2017 година платите на вработените останува да се определуваат според законот и донесениот буџет од страна на советот на општината за 2017 год..

Во својата работа сеуште останува проблемот со просторното сместување, но се наоѓаат тековни решенија

Трошоци за кацелариски матерјал во однос на 2016 година планирно е да се зголемат за 10% бидејќи се зголемува и обемот на работа.

Трошоците за тековни и капитални потреби за вработените во органот на ЕЛС Радовиш, од потрошена електрична енергија, греење, вода, ПТТ, телефон се утврдени по ставки во Буџетот на општината, согласно направените трошоци во тековната година и насокоите за изготвување на буџетот.

Во 2016 година во локалната самоуправа не се набавија компјутери. Потребата останува и зголемена зошто поради дотраеност и неупотребливост на истите ( поради неприфаќање да се инсталираат нови програми) за набавка на 20 (дваесет) пософистицирани компјутери.

Планирана е набавка на канцелариска опрема на 4 (четири) метални ормани и најмногу 10 (десет) броја работни маси и столови според потребите.

Во делот за вработувања планирани се 5 нови вработувања од кои сите во општинската администрација, како и 3 (три) вработувања на неодредено време во противпожарната служба.

За оваа година се планираат 5 отпремнинипо во ЕЛС за пензионирање како и отпремнини за вработени по основ на работно законодавство

кои бараат да бидат прогласени за технолошки вишок во ЕЛС Радовиш.

За изработка на Елаборат за заштита и безбедност на здравје при работа на ниво на ЕЛС Радовиш во висина од 400.000,оо денари.

Потребно е да се утврдат средства за да се изврши прскање против комарци, односно дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општината, кои средства треба да се планираат за 10% повисико од минатата 2016 година.

Набавката на знамиња на Република Македонија и општина Радовиш е наопходна за замена на веќе дотраените и оштетените знамиња во висина од 40.000,оо денари.

Тековните годишни набавки остануваат исти, а има потреба од изработка и печатење на информациони брошури и друг репрезантативен матерјал.

Согласно новиот закон за архивско работење во општината треба да се набави опрема и софтвер за електронско водење на архива/деловодник за што треба да се планираат 100.000,оо денари.

Средствата за одржување на возилата и набавката на гуми се планира на минатогодишно ниво, зголемана за 20% , поради амортизираност на возниот парк.

Обуките на општинската администрација и на ТППЕ се спроведуваат по годишната програма за обука на администрацијата, а ќе бидат утврдени во Буџетот на општината за 2017 година.

Планирани се финансиски средства за ТППЕ за обнова и пополнување на матерјалните средства, опрема и тековно одржување неопходно за квалитетно и непречено функционирање на оваа служба која е од битен интерес за граѓаните за матерјалните добра.

ХТЗ опрема и други тековни потреби се утврдени по ставки во границите на реалните потреби за противпожарната единица и вработените во општината кои имаат потреба од оваа опрема во текот на 2017 година.

Потребно е да се обезбедат средства за обавување на задолжителните годишни лекарски прегледи за вработените во ТППЕ во висина од 50.000 ден.

Освен овие редовно планирани средства за ТППЕ, оваа година треба се предвидат средства за набавка на навално противпожарно возило, едно теренско противпожарно возило, набавка на две пумпи за исфрлање вода како и поправки на пумпи за црпење и исфрлање вода.

Санацијата на објектот на ТППЕ се планира во Програмата за уредување на градежно земјиште за 2017 година.

II.Цели на Програмата

Ваквото планирање и опремување на органите во локалната самоуправа ќе се постигне побрза, поефикасна и поквалитетна услуга во работата на локалната самоуправа за потребите на граѓаните.

Оваа програма е составен дел на Буџетот за 2017 год.

III.Рок на извршување

Во текот на целата година од 01.01.2017 до 31.12.2017 год.

Бр. 08-1657/2 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на Одлуката за делумно повлекување на барањата за извршување во делот на каматата на Јавното претпријатие „Плаваја„ Радовиш донесена од Управен одбор број 0202-245/2 од 31.05.2016 год..

Ја прогласувам и објавувам за давање Согласност на Одлуката за делумно повлекување на барањата за извршување во делот на каматата на Јавното претпријатие „Плаваја„ Радовиш донесена од Управен одбор број 0202-245/2 од 31.05.2016 год., бр.08-1658/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1658/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл. 21 ст.1 т. 31 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш, разгледувајќи го донесеното

решение од градоначалникот број 09-1572/2 од 04.10.2016 година, за непрогласување на Одлука за давање Согласност на Одлуката за делумно повлекување на барањата за извршување во делот на каматата на Јавното претпријатие „Плаваја„ Радовиш донесена од Управен одбор број 0202-245/2 од 31.05.2016 год., поради незаконитост на истата, на седница одржана на 19.10.2016 година повтиорно ја донесе и потврди

О Д Л У К А
за давање Согласност на Одлуката за делумно повлекување на барањата за извршување во делот на каматата на Јавното претпријатие „Плаваја„ Радовиш донесена од Управен одбор број 0202-245/2 од 31.05.2016 год..

Член 1
Се дава Согласност на делумно повлекување на барањата за извршување во делот на каматата на Јавното претпријатие „Плаваја„ Радовиш, донесена од Управен одбор на Јавното претпријатие број 0202-245/2 од 31.05.2016 год..

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1658/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Данче Ефнушева од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на Данче Ефнушева од Радовиш бр. 08-1659/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 16.11.2015 год.

Бр. 09-1659/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 год., донесува

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Данче Ефнушева од Радовиш

Член 1
Се одобруваат финансиски средства на Данче Ефнушева од Радовиш во висина од 30.000,00 денари за здравствени потреби.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1659/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Данче Петрова од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на Данче Петрова од Радовиш бр. 08-1660/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1660/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина

Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Даница Петрова од Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Даница Петрова од Радовиш во висина од 60.000,00 денари за здравствени потреби.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1660/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Миле Стоименов од с.Ораовица Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на Миле Стоименов од с.Ораовица-Радовиш бр. 08-1661/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1661/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Миле Стоименов од с.Ораовица-Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Миле Стоименов од с.Ораовица Радовиш во висина од 20.000,00 денари за опожарена куќа.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1661/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Храм Св.Илија с. Сулдурци општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на Храм Св.Илија с. Сулдурци општина Радовиш бр. 08-1662/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1662/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 год., донесува

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Храм Св.Илија с. Сулдурци општина Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Храм Св.Илија с. Сулдурци општина Радовиш во висина од 20.000,00 денари за доуредување на внатрешниот дел од храмот.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1662/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финансиски
средства на Душанка Стоева Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на Душанка Стоева општина Радовиш бр. 08-1663/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1663/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш,
Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 год., донесува

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Душанка Стоева Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Душанка Стоева општина Радовиш во висина од 20.000,оо денари за опожарена куќа.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1663/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Решението за формирање Комисија за
изготвување на Програма за работа на
Советот на општина Радовиш за 2017 година

Го прогласувам и објавувам Решението за формирање Комисија за изготвување Програма за работа на Советот на општина Радовиш за 2017 година, бр. 08-1664/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1664/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 89 од Деловникот за Статутот на општина Радовиш и согласно Деловникот за работа на советот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10.2016 год., донесе

ОДЛУКА
За формирање Комисија за изготвување
Предлог-Програма за работа на Советот на
општина Радовиш за 2017 год.

Член 1

Се формира Комисиа за изготвување Предлог-Програма за работа на советот на општина Радовиш за 2017 год.

Составот на комисијата е следен:

1. Николчо Миовски претседател
2. Ѓорѓи Манев член
3. Љупчо Јорданов член
4. Енис Омеров член
5. Ѓорѓи Крстев член

Предлог-Програмата да се достави најдоцна до 15.12.2016 год.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1664/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2016 година
бр.07-2069/2 од 23.12.2015 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Радовиш за 2016 год. на општина Радовиш, бр.08-2069/1 од 23.12.2015 година, бр. 08-1665/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1665/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14 и 44/15), член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 43 точка 1 и точка 12 од Статутот на општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.05/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10.2016 год., донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2016 година, бр. 07-2069/2 од 23.12.2015 год.

1. Со оваа Програма се предлага измена и дополнување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2016 година донесена со Одлука на Совет на Општина Радовиш со бр.08-2069/2 на седница одржана на 23.12.2015 год. и објавена во Службен гласник на Општина Радовиш.

2. Се предлага дополнување на точка 14 и 16 од табела IV. Изработката на урбанистичко-планска документација за село.

IV. Урбанистички план за село .............................................. 6.478.000,00 денари

| Реден Број | Урбанистички план за село | Површина (ha) | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Урбанистички план за с.Раклиш | 35,0 | 385.000,00 |
| 2. | Урбанистички план за с.Ораовица | 76,15 | 444.000,00 |
| 3. | Урбанистички план за с.Воиславци | 40,0 | 440.000,00 |
| 4. | Урбанистички план за с.Калугерица | 50,0 | 550.000,00 |
| 5. | Урбанистички план за с.Сулдурци | 30,0 | 315.000,00 |
| 6. | Урбанистички план за с.Аликоч | 25,0 | 275.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Урбанистички план за с.Коџалија | 25,0 | 275.000,00 |
| 8. | Урбанистички план за с.Калаузлија | 25,0 | 275.000,00 |
| 9. | Урбанистички план за с.Злеово | 30,0 | 315.000,00 |
| 10. | Урбанистички план за с.Смиљанци | 15,0 | 165.000,00 |
| 11. | Урбанистички план за с.Бучим | 15,0 | 165.000,00 |
| 12. | Урбанистички план за с.Тополница | 25,0 | 275.000,00 |
| 13. | Урбанистички план за с.Парналија | 15,0 | 165.000,00 |
| 14. | Урбанистички план за с.долно Дамјан | 25,0 | 275.000,00 |
| 15. | Урбанистички план за с.Ињево | 85,0 | 935.000,00 |
| 16. | Урбанистички план за с.Подареш | 113,0 | 1243.000,00 |
| | | ВКУПНО: | 6.497.000,00 |

5. ФИНАНСИРАЊЕ

За финансирање на урбанистичките планови од програмата Ф1, потребните средства ќе се обезбедат од:

| Реден Број | Програма | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на општина Радовиш за 2016 год. | |
| 2. | Буџет на РМ - Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2016 година | |
| 3. | Напомена: зголемувањето на опфатот на с.Подареш за 53,00 ха, за износ од 592.100,00, се уклопува во Буџет на РМ - Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2016 година | |
| | ВКУПНО: | 8.282.730,00 |

6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната Програма за изработка на урбанистички планови, општина Радовиш како нарачател на планот склучува договори за изработка на планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/13 и 163/13) со правни лица кои имаат лиценци и планери кои поседуваат овластувања за изработка на урбанистички планови.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш“

Бр. 08-1665/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗГ„Бест Спорт„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗГ „Бест Спорт„ Радовиш бр. 08-1666/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1666/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10. 2016 год., донесува

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ЗГ„Бест Спорт„ Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЗГ „Бест Спорт„ Радовиш во висина од 300.000,оо денари за организација на „Шестоноемвриски турнир-2016 година„.

Барањето е составен дел на одлуката.

Корисникот на средствата е должен да достави извештај за употребените средства со фотокопирани докази.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1666/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за доделување на финансиски
средства на Јавното претпријатие
за стопанисување со спортски објекти
„Радовиш 2014„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за за доделување на финансиски средства на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Радовиш 2014„ Радовиш, бр. 08-1667/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1667/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10.2016 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на финансиски средства на
Јавното претпријатие за стопанисување со
спортски објекти „Радовиш 2014„ Радовиш

Член 1

Со ова Одлука се доделуваат финансиски средства од Буџетот на општина Радовиш за 2016 година на ЈПССО „Радовиш 2014„ Радовиш.

Член 2

Средствата се доделуваат во висина од 120.000,00 денари предвидени во Буџетот на општина Радовиш од Програмата А0-Совет на општина, на ставка
461-Субвенции за јавните претпријатија.

Член 3

Одобрените средства од став 2 на ова Одлука ќе се користат за тековни работи за работа на претпријатието во втората половина од 2016 година.

Член 4

Исплата на средствата ќе се префрла согласно приливот на средства во Буџетот на општина Радовиш за 2016 година.
Оваа Одлука важи само за 2016 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1667/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измена на Распоредот на
средства на Буџетот на општина Радовиш за
2016 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Радовиш за 2016 година, бр. 08-1668/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1668/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( Сл. Весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012), Советот на ЕЛС Радовиш, на 50 седницата одржана на 19.10.2016 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2016 година

Член 1
Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2016 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА | | | | | |
| 461190 Субвенции за други институции | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 401120 Основни плати-државни службеници | -120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ | | | | | |
| 425640 Изработка на просторни и урбанистички планови | -342.720 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 342.720 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2
Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Радовиш и станува составен дел на Буџетот на општината за 2016 година.

Бр. 08-1668/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2016 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2016 година, бр. 08-1669/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 19.10.2016 год.

Бр. 09-1669/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( Сл. Весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012), Советот на ЕЛС Радовиш, на 50 седницата одржана на 19.10.2016 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За проширување на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2016 година

Член 1
Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2016 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | Самофин. | Дотации | Донации | Кредит |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемување приходите на следните потставки: | | | | |
| A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА | | | | |
| 742114 Приходи од европската унија | 0 | 0 | 15.054.923 | 0 |
| | 0 | 0 | 15.054.923 | 0 |
| и се распредуваат на следните расходни потставки | | | | |
| JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ | | | | |
| 425980 Надзор над одржување на изградбата | 0 | 0 | 137.243 | 0 |
| 482120 Изградба на улици, патишта и автопати | 0 | 0 | 8.063.350 | 0 |
| 482920 Изградба на други објекти | 0 | 0 | 6.854.330 | 0 |
| | 0 | 0 | 15.054.923 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Радовиш и станува составен дел на Буџетот на општината за 2016 год.

Бр. 08-1669/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПССО „Радовиш 2014„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПССО „Радовиш 2014„ Радовиш, бр. 08-1670/1,
што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден
19.10.2016 год.

Бр. 09-1670/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница подржана на 31.08.2015 година, донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПССО „Радовиш 2014„ Радовиш

Член 1

Се давање Согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПССО „Радовиш 2014„ Радовиш.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1670/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 09-1671/1,
што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден
30.09.2016 год.

Бр. 09-1671/2 Градоначалник на
25 Октомври 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 19.10.2016 год.донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 19.10.2016 год. и тоа:

-Комисија за награди и признанија, 10-та седница одржана на 10.10.2016 год.;
-Комисија за здравство и социјална заштита, 30-та седница одржана на 17.10.2016 година;
-Комисија за образование, спорт и култура, 44-та седница одржана на 17.10.2016 година;
-Комисија за статут и прописи, 21-та седница одржана на 18.10.2016 год.;
-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој седница 44-та седница одржана на 18.10.2016 година;
-Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарната заштита 25-та седница одржана на 18.10.2016 година;

II.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1671/1 Совет на општина Радовиш
19 Октомври 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

## ДРУГИ АКТИ

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13 ), Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Радовиш 2014“ - Радовиш, на редовната седница одржана на ден 17.10.2016 година, донесе:

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти на ЈПССО „Радовиш 2014“ – Радовиш

Член 1

Во Статутот на на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „ Радовиш 2014 “ ( Одлука на Управен одбор бр. 0202-8/2 од 24.06.2015 год. ), се менува Член 64 и гласи

Средствата за работење и развој на Претпријатието се обезбедуваат од:
- буџетот на општина Радовиш во висина од максимално до 40 % од донесената годишна Програма за работа и финансиски план.
- приходи кои ги остварува Претпријатието со сопствено работење;
- кредитни средства;
- донации и други извори на средствата во согласност со Закон.

Член 2

Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „ Радовиш 2014 “ – Радовиш е составен дел на оваа Одлука и измената влегува во сила и ќе се применува по давање на согласност од страна на Советот на општина Радовиш.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување.

ЈПССО „ Радовиш 2014 “ - Радовиш
Претседател
на Управниот одбор
Слаџан Ристов

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за распишување оглас за доделување линии за градски и приградски превоз на патници во општина Радовиш на релација с.Ињево-Радовиш-с.Ињево------------ 1
ОДЛУКА zа распишување оглас за доделување линии за градски и приградски превоз на патници во општина Радовиш на релација с.Ињево-Радовиш-с.Ињево-------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на Годишната Програма на ЈОУДГ„Ацо Караманов„ во Радовиш за 2016/2017 година ----------------------- 1
ОДЛУКА За давање Согласност на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Ацо Караманов„ во Радовиш за 2016/2017 година ---------------------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и деветто одделение при ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш за учебната 2016/2017 година --------- 2
ОДЛУКА За давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Крсте Петков Мисирков„ Радовиш за учебната 2016/2015 година --------------------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување и Програмата за волонтерство во општина Радовиш за 2017 г. - 2
ОДЛУКА за донесување на Програмата за волонтерство во ЕЛС општина Радовиш за 2017 година -------------------------------------------- 3
ПРОГРАМА За волонтерство во ЕЛС општина Радовиш за 2017 година ----------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување и Програмата за потреби за функционирање на админиострацијата во Единица за локална самоуправа Радовиш за 2017 год. ----------------- 3
ОДЛУКА за донесување на Програмата за потреби за функционирање на администрацијата во Единица за локална самоуправа Радовиш за 2017 год. ----------------- 4
ПРОГРАМА на потреби за функционирање на администрацијата во Единица за локална самоуправа Радовиш за 2017 год. ----------------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на Одлуката

за делумно повлекување на барањата за извршување во делот на каматата на Јавното претпријатие „Плаваја„ Радовиш донесена од Управен одбор број 0202-245/2 од 31.05.2016 год.. -------------------------------------------------------- 5
ОДЛУКА за давање Согласност на Одлуката за делумно повлекување на барањата за извршување во делот на каматата на Јавното претпријатие „Плаваја„ Радовиш донесена од Управен одбор број 0202-245/2 од 31.05.2016 год.. -------------------------------------------------------- 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Данче Ефнушева од Радовиш------ 6
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Данче Ефнушева од Радовиш------------------ 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Данче Петрова од Радовиш--------- 6
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Даница Петрова од Радовиш------------------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Миле Стоименов од с.Ораовица Радовиш ------------------------------------------------ 7
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Миле Стоименов од с.Ораовица-Радовиш-- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Храм Св.Илија с. Сулдурци општина Радовиш------------------------------------- 7
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Храм Св.Илија с. Сулдурци општина Радовиш------------------------------------------------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Душанка Стоева Радовиш---------- 8
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Душанка Стоева Радовиш---------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за формирање Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Радовиш за 2017 година - 8
ОДЛУКА За формирање Комисија за изготвување Предлог-Програма за работа на Советот на општина Радовиш за 2017 год. ----- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2016 година бр.07-2069/2 од 23.12.2015 година ---------------------------------- 9
ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2016 година бр.07-2069/2 од 23.12.2015 година --------------------------------- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЗГ„Бест Спорт„ Радовиш --------- 10
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЗГ„Бест Спорт„ Радовиш -------------------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Радовиш 2014„ Радовиш --------------------------------------- 11
ОДЛУКА за доделување на финансиски средства на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Радовиш 2014„ Радовиш --------------------------------------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена на Распоредот на средства на Буџетот на општина Радовиш за 2016 година ------------------------------------------------ 11
ОДЛУКА За измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2016 година ------------------------------------------ 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2016 год. --- 12
ОДЛУКА За проширување на средствата на Буџетот на општина Радовиш за 2016 год. --- 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПССО „Радовиш 2014„ Радовиш ---------------------------------------------- 13
ОДЛУКА За давање Согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПССО „Радовиш 2014„ Радовиш ---------------------------------------------- 13
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш ---------------------------------------------- 13
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш ---------------------------------------------- 14

ДРУГИ АКТИ

СТАТУТАРНА ОДЛУКА за изменување на Статутот на јавното претпријатие претпријатие за стопанисување со спортски објекти на ЈПССО „Радовиш 2014" – Радовиш ---------------------------------------------- 14